ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 85, став 3 и член 110, став 1, т. 21 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 34, 35, и 36 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на седницата одржана на _______2023 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1. Се формира Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, како посебна внатрешна организациона единица на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

2. Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, како посебна внатрешна оргагнизациона единица на Факултетот ќе ја врши својата дејност согласно следниве

# ПРАВИЛА
## за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овие Правила за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (во натамошниот текст: Центарот) се уредуваат статусот, дејноста, целта, внатрешната организација и работата на Центарот.

### Дејност и статус на Центарот

### Член 2

Центарот е внатрешна организациона единица без својство на правно лице на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (во натамошниот текст: Правниот факултет), која се основа со Одлука на Наставно-научниот совет, чии активности се:

(1) Развој на кариера и советување;

(2) Алумни заедница на Правниот факултет;

(3) Доживотно учење, и

(4) Соработка со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како и со други домашни и меѓународни субјекти.

**Член 3**

Дејноста на Центарот се спроведува преку проекти, за што ќе биде обезбедена финасиска поддршка од домашни и странски донатори.

Правниот факултет обезбедува поддршка на Центарот и преку обезбедување на просторија и опрема.

**Назив и седиште**

**Член 4**

Центарот работи под називот „Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје“.

Скратениот назив на Центарот е: Центар за кариера и алумни.

Центарот може да го користи и називот на англиски јазик: Center for Career and Alumni of the Faculty of Law “Iustinianus Primus” - Skopje.

Скратениот назив на Центарот на англиски јазик гласи: Career and Alumni Center.

Седиштето на Центарот е на адресата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје: бул. „Гоце Делчев“ 9б, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

**Датум на основање**

**Член 5**

Центарот е основан со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет за формирање на Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје донесена на ________2023 година.

**Печат, знаци и други обележја**

**Член 6**

Центарот ги користи печатот и знаците на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на начин определен со Статутот на Правниот факулет.

**Член 7**

Центарот може да има и свој знак кој е во стилизирана графичка форма и кој го содржи скратениот назив на Центарот на македонски или на англиски јазик.

**Член 8**

Заштитата на знаците на Центарот се врши на начин утврден со Закон.

## Цели на Центарот

**Член 9**

Целта на Центарот е да овозможи организирано поврзување на студентите и алумни заедницата на Правниот факултет во насока на развивање и поттикнување на професионалниот развој, преку унапредување на нивните знаења, вештини и компетенции.

Центарот соработува и ги поврзува студентите на Правниот факултет со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, стопанските комори и други домашни и меѓународни субјекти и иницира потпишување на договори за соработка со нив.

## Сертификати, награди и признанија

**Член 10**

На учесниците кои ќе учествуваат во активностите кои ги организира Центарот може да им се доделат сертификати.

На лицата кои оствариле посебен придонес во развојот на Центарот, може да им се доделат награди и признанија.

## Финансирање на Центарот

**Член 11**

За спроведување на целите и задачите на Центарот, финансиски средства ќе се обезбедуваат од домашни и меѓународни институции и организации (донатори).

За обезбедување на средствата, Центарот ќе изработува стратегии за финансирање и поединечни проекти со опис на задачите и активностите и буџет.

Доколку е предвидено според условите на меѓународните проекти спроведувани од Центарот, Факултетот може да има сметка или потсметка за проектот спроведуван од Центарот.

По овластување од Деканот на Факултетот, потписник на сметката или потсметката може да биде и лице кое го раководи проектот.

## II. УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ

### Улога и задачи на Центарот

### Член 12

Со намера да се постигнат целите наведени во членот 9 од овие Правила, Центарот ги врши следниве задачи:

(1) поврзува различни целни групи и нуди помош во советување за професионален развој на студентите, алумни заедницата, како и поврзување на работодавачите со академската заедница, заради развивање на нивните вештини и стратегии за полесно вклучување на пазарот на трудот;

(2) им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање, професионална обука и помош за разбирање на реалниот сектор;

(3) ги охрабрува студентите да носат одлуки во врска со нивните планови за развој на кариерата;

(4) ги стимулира студентите да ги развијат своите знаења и вештини за барање работа, подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини и останати стручни квалификации;

(5) на студентите им обезбедува можност за практиканска работа и мобилност во деловната заедница, чија основна цел е збогатување и унапредување на нивните практична знаења и вешини;

(6) остварува врски со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, стопанските комори и други домашни и меѓународни субјекти кои обезбедуваат можности за развој на професионални компетенции, интеграција и имплементација на академските знаења во реална работна средина и создавање на контакти и истражување на идните можности за работа и развој на кариерата, и

(7) соработува со средните училиште во Република Северна Македонија, со цел запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Правниот факултет.

### Остварување на улогата и задачите на Центарот

**Член 13**

Преку активностите на Центарот се обезбедува:

(1) согледување на потребите на пазарот на труд и креирање соодветни програми за едукација и тренинг;

(2) креирање база на податоци за деловните субјекти и воспоставување перманентна двонасочна комуникација помеѓу студентите и алумни заедницата;

(3) организирање саеми за кариера, промоциски предавања, семинари, работилници и слично.

Сите активности преземени од страна на Центарот се насочени кон кариерниот развој на студентите и се во согласност со мисијата и визијата на Правниот факултет и приоритетите за развој.

Услугите на Центарот се достапни за сите студенти на Правниот Факултет од прв, втор и трет циклус на студии, како и за лицата кои дипломирале, магистрирале и докторирале на Правниот факултет и се дел од алумни заедницата на Факултетот.

Покрај студентите на Правниот факултет, пристап до услугите на Центарот можат да имаат и учениците од средните училишта кои се заинтересирани за упис на Правниот факултет.

При спроведувањето на своите активности, Центарот соработува со сите внатрешни единици на Правниот факултет, со наставниот и ненаставниот кадар, со Универзитетското и факултетското студентско собрание, државните институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како и со други домашни и меѓународни субјекти.

Центарот воспоставува и одржува врски со други центри за кариера, во земјата и во странство.

## Развој на кариера и советување

**Член 14**

Центарот врши кариерно советување и професионално ориентирање за студентите на Правниот факултет на сите циклуси на студии.

Центарот активно ги промовира услугите за кариерно советување меѓу студентите на Правниот факултет и ги стимулира студентите да ги искористат предностите на овие услуги уште во раната фаза на студирање.

Центарот спроведува настани и обуки за кариерно советување и професионална ориентација во рамките на однапред планирани сесии за консултација, спонтани средби иницирани од студентите, курсеви за кариерно планирање, специјализирани настани како отворени денови, денови за кариера, едукативни презентации и слично.

Во рамките на услугите за кариерно советување, Центарот ги охрабрува и им помага на студентите да истражуваат различни професии во различни сектори, преку реализирање на практикантска работа и учество во едукативни програми и проекти во областа на стручното оспособување.

Центарот посветува особено внимание за соодветно советување за кариера за студентите припадници на ранливите категории граѓани.

### Алумни заедница

### Член 15

Центарот воспоставува и одржува актуелна база на податоци на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на Правниот факултет, која што вклучува информации за нивниот професионален развој и тековната позиција.

Релевантните податоци за членовите на алумни заедницата периодично се ажурираат.

Регистрацијата во алумни базата се врши со пополнување на Алумни образец, од страна на дипломираните, магистрираните и докторираните студенти на Правниот факултет.

### Доживотно учење

### Член 16

Центарот може да организира тренинзи и обуки за професионален развој на компетенции, вештини и стручни квалификации на алумни заедницата на Правниот факултет и други возрасни групи, во согласност со концептот за доживотно учење со цел да се зголемат квалификациите, вештините и професионалниот потенцијал на лицата кои учествуваат во процесот на доживотно учење.

Во рамки на определбата за поттикнување на неформалното образование, Центарот во соработка со Универзитетскиот Центар за кариера, нуди пристап до информации и можности кои ги нуди Универзитетот.

### Соработка на Центарот

### Член 17

Центарот создава нови и ги одржува веќе воспоставените контакти со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како и со други субјекти во кои студентите и алумни заедницата би обезбедиле практична работа или волонтерство, при што ги следи принципите на професионалност, транспарентност и еднаков третман.

Центарот остварува редовни средби со партнери од реалниот сектор во рамки на работни билатерални средби и организирани настани, како саеми за вработување, денови за кариера, отворени денови, презентации, конференции, семинари и слично.

Центарот ја поддржува организацијата на гостински предавања, посети и средби со претставници од државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори како и со други домашни и меѓународни субјекти во просториите на Правниот факултет.

Центарот остварува консултативни средби со државните институции, домашни и меѓународни владините и невладините организации, адвокатските друштва, нотарите, извршителите како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како другите домашни и меѓународни субјекти при планирањето на практикантската работа наменета за студентите на Правниот факултет, како и ги информира подетално за програмите на Правниот факултет.

При воспоставувањето и развивањето на соработката, Центарот ги штити интересите на Правниот факултет и на неговите студенти.

### Волонтирање во Центарот

### Член 18

Студентите и членовите на алумни заедницата Правниот факултет имаат можност и да волонтираат во Центарот.

Волонтирањето се реализира за потребите на Центарот во согласност со позитивните законски прописи.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ

### Органи на Центарот

### Член 19

Органи во рамки на Центарот се:

(1) Раководител на Центарот;
(2) Советници за кариера;
(3) Совет на академската заедница, и
(4) Одбор за поддршка (алумни).

### Раководител на Центарот

### Член 20

Со Центарот раководи Раководител којшто го именува Деканот на Факултетот, за период од 3 (три) години.

Во работата на Раководителот, може да му помага административен и технички координатор, којшто го избира Раководителот на Центарот.

### Член 21

Раководителот на Центарот е надлежен за координација, организација и спроведување на активностите и работите во Центарот.

Раководителот на Центарот иницира промоција на Правниот факултет во земјата и странство во делот на кариерата, доживотното учење, алумни заедницата и соработката со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како и со други субјекти.

Раководителот на Центарот во координација со Советниците за кариера, Советот на академската заедница и Одборот за поддршка (алумни) подготвува Стратегија за работа и развој на Центарот и Годишна програма за работа.

Раководителот на Центарот е одговорен за имплементирање на Годишната програма за работа на Центарот.

Раководителот на Центарот изготвува Годишен извештај за работата на Центарот и го доставува до Наставно-научниот совет на Правниот факултет.

### Советници за кариера

### Член 22

Раководителот на Центарот именува двајца советници за кариера од редот на наставно – научниот кадар на Факултетот.

Советниците за кариера му помагаат на Раководителот во исполнување на целите и активностите на Центарот.

### Советодавни тела

### Член 23

Активностите на Центарот се спроведуваат со помош и во координација со Советот на академската заедница и Одборот за поддршка (алумни).

Советот на академската заедница го сочинува по еден претставник од сите Институти на Правниот факултет.

Одборот за поддршка (алумни) го сочинуваат претставници од алумни заедницата и студентите на Правниот факултет.

## IV. ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

### Информации и информативни материјали за работата на Центарот

### Член 24

Центарот собира, обработува и ажурира податоци и информации за можностите за развој на кариерата и создава база на податоци со најнови информации за потребите од студентите.

Центарот ја гарантира доверливоста на собраните податоци и информации, како и заштитата на личните податоци на студентите согласно позитивните законски прописи.

Центарот објавува редовно ажурирани информации за достапни работни позиции, стипендии, можности за практикантска работа и волонтирање на веб страницата на Центарот, на веб страницата и социјалните мрежи на Правниот факултет, на Универзитетското студентско собрание и на Факултетското студентско собрание и на универзитетското радио.

**Член 25**

Центарот подготвува информативен материјал (водич, брошури, флаери, видео материјали) за користење на услугите кои ги нуди.

Информативниот материјал може да содржи:

(1) информации за обуките за меки вештини (подготовка на CV, комуникациски вештини, интервју при барање работа, лидерство, тимска работа, решавање проблеми, креативно размислување и сл.)

(2) информации за потребата на Алумни заедницата,

(3) информации за курсевите кои се нудат во делот на доживотното учење,

(4) информации за потребата и можностите кои ги нуди реалниот сектор.

**Јавност**

**Член 26**

Центарот ќе обезбедува јавност во својата работа самостојно и преку Факултетот.

Центарот е должен да одговори на секое барање на Деканот на Факултетот со информации за задачите и активностите кои ги спроведува Центарот и начинот на кој се спроведуваат, како и доколку е потребно, да му ја достави на увид целата документација.

**Отчетност и одговорност**

**Член 27**

Центарот до Деканот на Факултетот поднесува Годишна програма за работа, а до Наставно-научниот совет на Факултетот поднесува годишни извештаи за работата.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 28**

Правилата за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) стапуваат во сила со денот на нивното донесување.

Декан,

Проф.д-р Сашо Георгиевски